ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД,
СКОПЈЕ

ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД
Бр.0201 - 5380
30.05 2023 год.
СКОПЈЕ

triglav

Врз основа на член 383 став 1 точка 8 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14,138/14, 88/15, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 290/2020, 215/2021 и 99/22) и член 39 став 1 точка 8 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје, на својата 60 седница одржана на ден 30.05.2023 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за назначување на Друштво за ревизија на финансиските извештаи на Триглав Осигурување АД, Скопје за 2023 година

### Член 1

За вршење на ревизија на финансиските извештаи на Триглав Осигурување АД, Скопје за 2023 година се назначува Ревизорската куќа Дилоит ДОО Скопје.

### Член 2

Се овластуваат извршните членови на Одборот на директори да склучат посебен пишан договор со ревизорската куќа од член 1 од оваа одлука, со кој ќе бидат утврдени сите прашања во врска со вршењето на ревизијата на годишните финансиски извештаи на Триглав Осигурување АД, Скопје за 2023 година.

### Член 3

Се задолжува Службата за правни и корпоративни работи да ја поднесе оваа одлука и сите потребни документи до Агенцијата за супервизија на осигурување за добивање на согласност.

### Член 4

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на добивање на согласност на Друштвото за ревизија од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО

ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД
1
СКОПЈЕ